РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-1033/12
02.11 2026 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на Договорот за спроведување на Општинско корисна работа помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и Општина Ранковце, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2026 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Општина Ранковце на ден 02.11.2026 година објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

до

евидентирани невработени лица за вклучување во

Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои имаат стекнато сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува и се заинтересирани да се пријават за учество во програмата Општинско-корисна работа, проект „Континуирана грижа за старите, болни и изнемоштени лица и лицата со попреченост".

Невработените лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани 9 месеци по 40 (четириесет) работни часови неделно при што на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица кои имаат стекнато сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 24.000,00 денари со вклучен данок и личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- долгорочно невработени лица над 12 месеци во евиденција
- самохрани родители
- жени припадници на ромската етничка заедница и останати етнички заедници
- лица корисници на гарантирана минимална помош или парична помош по основ на невработеност
- родители на 3 и повеќе деца
- млади лица до 29 години

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на:

Работно место 1: Неговател за стари, болни и изнемоштени лица
Позиции за работно место 1: 1
Потребни квалификации и занимања за Работно место 1: (основно или средно образование со сертификат за работа)

Работно место 2: Неговател за стари, болни и изнемоштени лица
Позиции за работно место 2: 1
Потребни квалификации и занимања за Работно место 2: (основно или средно образование со сертификат за работа)

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Крива Паланка во периодот од 02.11.2026 година до 13.11.2026 година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Ранковце и избраните кандидати.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Даниел Павловски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ